**Влада на Република Северна Македонија**

Скопје, 3 септември 2024 година
Бр. 41-8238/3

До
Претседателот на Собранието
на Република Северна Македонија
Скопје

Врз основа на членот 91 алинеја 2 од Уставот на Република Северна Македонија и членовите 139, 144 и 175 од Деловникот на Собранието на Република Северна Македонија, Владата на Република Северна Македонија Ви поднесува Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за шумите, по скратена постапка, што го утврди на седницата, одржана на 3 септември 2024 година.

За претставници на Владата на Република Северна Македонија во Собранието се определени Цветан Трипуновски, министер за земјоделство, шумарство и водостопанство и д-р Фљакрон Беџети, заменик на министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство, а за повереници Даниела Иротова Лазарова, државен секретар во Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство и Јордан Здравковски, раководител на сектор во Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство.

Заменик на претседателот на Владата
на Република Северна Македонија

Љупчо Димовски

| | |
|---|---|
| Подготвил: | Маја Богоевска, помлад соработник |
| Проверил: | Катерина Јаневска/Никола Пасков, рак. на одделение |
| Контролирал: | м-р Стојанчо Радичевски/Jetmira Maliqi, пом. рак. на сектор |
| Согласен: | Снежана М.Пендовски, државен советник |
| | Зоран Брњарчевски, раководител на сектор |
| Одобрил: | Игор Јанушев, генерален секретар на Владата |

ПРЕДЛАГАЧ: Владата на Република Северна Македонија

ПРЕТСТАВНИЦИ: Цветан Трипуновски, министер за земјоделство, шумарство и водостопанство и

д-р Фљакрон Беџети, заменик на министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство

ПОВЕРЕНИЦИ: Даниела Иротова Лазарова, државен секретар во Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство и

Јордан Здравковски, раководител на сектор во Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство

# ПРЕДЛОГ НА ЗАКОН
# ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ШУМИТЕ,
# ПО СКРАТЕНА ПОСТАПКА

Скопје, септември 2024 година

В О В Е Д

## I.ОЦЕНА НА СОСТОЈБИТЕ ВО ОБЛАСТА ШТО ТРЕБА ДА СЕ УРЕДИ СО ЗАКОНОТ И ПРИЧИНИ ЗА ДОНЕСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ

Со Законот за шумите („Службен весник на Република Македонија“ бр. 64/09, 24/11, 53/11, 25/13, 79/13, 147/13, 43/14, 160/14, 33/15, 44/15, 147/15, 7/16 и 39/16 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.274/22) се уредува планирањето, управувањето, стопанисувањето, одгледувањето, заштитата и користењето, чувањето на шумите како природно богатство и шумското земјиште, остварувањето на општокорисните функции на шумите, правото и обврските на користење на шумите, финансирањето, како и други прашања од значење за шумите и шумското земјиште по принципот на биолошка, економска, социјална и еколошка прифатливост.

## II. ЦЕЛИ, НАЧЕЛА И ОСНОВНИ РЕШЕНИЈА НА ПРЕДЛОГОТ НА ЗАКОН

Одредбите од Законот за шумите, од неговото донесување до ден денес се неприменливи за определени постапки поради постоење на фактички пречки и обемни постапки за отпочнување со реализација на градба на објекти од јавен интерес за линиски инфраструктурни градби, во делот на трајната пренамена, каде е евидентна потребата од измена и дополнување на Законот за шумите.

Имајќи ги во предвид роковите за изградба на објктите од јавен интерес, а за кои со постоечките одредби од законот се одолговлекува постапката за добивање на одобрение за градба на истите поврзана претходно со постапката за трајна пренамена на земјиштето во делот на отстранување на надземната вегетација од градежните површини за да се дејствуваат брзо и одговорно се предлагат овие измени и дополнувања.

## III. ОЦЕНА НА ФИНАНСИСКИТЕ ПОСЛЕДИЦИ ОД ПРЕДЛОГОТ НА ЗАКОН ВРЗ БУЏЕТОТ И ДРУГИТЕ ЈАВНИ ФИНАНСИСКИ СРЕДСТВА

Предлогот на закон за изменување на Законот за шумите не предизвикува дополнителни финансиски последици врз Буџетот на Република Северна Македонија.

## IV. ПРОЦЕНА НА ФИНАНСИСКИТЕ СРЕДСТВА ПОТРЕБНИ ЗА СПРОВЕДУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ И НАЧИНОТ НА НИВНОТО ОБЕЗБЕДУВАЊЕ, КАКО И ПОДАТОЦИ ЗА ТОА ДАЛИ СПРОВЕДУВАЊЕТО НА ЗАКОНОТ ПОВЛЕКУВА МАТЕРИЈАЛНИ ОБВРСКИ ЗА ОДДЕЛНИ СУБЈЕКТИ

Законот не предизвикува материјални обврски за други лица.

## V. СКРАТЕНА ПОСТАПКА ЗА ДОНЕСУВАЊЕ НА ПРЕДЛОГОТ НА ЗАКОН

Со оглед на тоа што не се работи за обемен и сложен закон, согласно член 175 од Деловникот на Собранието на Република Северна Македонија, се предлага овој закон да се донесе по скратена постапка.

ПРЕДЛОГ НА ЗАКОН
ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ШУМИТЕ

Член 1

Во Законот за шумите („Службен весник на Република Македонија“ бр. 64/09, 24/11, 53/11, 25/13, 79/13, 147/13, 43/14, 160/14, 33/15, 44/15, 147/15, 7/16, 39/16 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.274/22) во членот 14-а, по ставот (2) се додава нов став (3) кој гласи:

„(3) По исклучок од став (2) на овој член, за изградба на објекти од јавен интерес утврден со закон како линиски инфраструктурни градби, јавен пат, железничка инфраструктура, далновод, нафтовод, гасовод и други објекти кои можат да бидат надземни и подземни, инвеститорот кон барањето за добивање на согласност за трајна пренамена поднесува:
- документ дека инвеститорот е регистриран согласно со одредбите од Законот за трговските друштва, од Централниот регистар на Република Северна Македонија,
- планска програма одобрена согласно Законот за урбанистичко планирање,
- список на индикации за катастарските парцели и вкупна површина на шуми и шумско земјиште во планскиот опфат издаден од Агенцијата за катастар на недвижности и
- геодетски елаборат со нумерички податоци изработен од овластен геодет, кога со планскиот опфат се зафаќаат шуми и шумско земјиште кое влегува како дел од катастарска парцела.“
По ставот (3) кој станува став (4) се додаваат четири нови става (5), (6), (7) и (8) кои гласат:
„(5) За реализирање на активностите за трајна пренамена за изградба на објекти од јавен интерес утврден со закон како линиски инфраструктурни градби, јавен пат, железничка инфраструктура, далновод, нафтовод, гасовод и други објекти кои можат да бидат надземни и подземни, инвеститорот врши теренско обележување на трасата на површината која е предвидена за градба и доколку теренот не е пристапен претходно гради пристапен пат за сеча, дотур и превоз на дрвната маса.
(6) Сечата, дотурот и превозот на дрвната маса од земјиштето предмет на трајна пренамена за изградба на објектите од ставот (5) на овој член, ги врши Јавното претпријатие за стопанисување со државни шуми „Национални шуми" преку вработени лица или преку ангажирање на правни лица кои поседуваат лиценца за извршување на шумскокултурни работи за активностите на сеча и дотур од страна на Јавното претпријатие за стопанисување со државни шуми „Национални шуми", согласно важечкиот ценовник на Јавното претпријатие за стопанисување со државни шуми „Национални шуми" по претходно добиена согласност од Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство.
(7) За активностите од ставот (6) на овој член, инвеститорот плаќа надоместок согласно член 15-а од овој закон, по извршена сеча, дотур и превоз на дрвната маса, согласно записник за примопредавање помеѓу претставници од Јавното претпријатие за стопанисување со државни шуми „Национални шуми", Државниот инспекторат за шумарство и ловство и инвеститорот.
(8) Посечената дрвна маса од ставот (7) на овој член се предава во сопственост на Јавното претпријатие за стопанисување со државни шуми „Национални шуми".“

Член 2

По членот 15 се додава нов член 15 – а кој гласи:

„Член 15 -а

Надоместок за трајна пренамена за линиски инфраструктурни градби

За трајна пренамена на шуми и шумско земјиште за изградба на објекти од јавен интерес утврден со закон како линиски инфраструктурни градби, јавен пат, железничка инфраструктура, далновод, нафтовод, гасовод и други објекти кои можат да бидат надземни и подземни од членот 14-а став (3) од овој закон, инвеститорот плаќа надоместок во висината на трошоците за чистење на вегетацијата на површината која е предвидена за градба на објект и висината на трошоците за сеча, дотур и превоз на дрвната маса согласно важечкиот ценовник на Јавното претпријатие за стопанисување со државни шуми „Национални шуми" по м3.“

Член 3

Во член 62 во ставот (1) по зборовите „Сеча во шума“ се додаваат зборовите „и на дрвја на површини надвор од шума, како пасишта, земјоделско и градежно земјиште обраснато со висока вегетација“

Член 4

Во член 63 во ставот (2) по зборовите „надвор од шума“ се додаваат зборовите „како пасишта, земјоделско и градежно земјиште обраснато со висока вегетација,“

Член 5

Во член 64 по ставот (3) се додаваат два нови става (4) и (5) кои гласат:

„(4) По исклучок од ставовите (1), (2) и (3) на овој член, субјектите кои стопанисуваат со шуми без разлика на намената на шумите, а согласно извршената ознака од членовите 62 и 63 од овој закон, за површини надвор од шума како пасишта, земјоделско и градежно земјиште обраснато со висока вегетација, се должни да го известат Државниот инспекторат за шумарство и ловство, во рок од пет дена од денот на завршување на извршената ознака за сеча.

(5)Државниот инспекторат за шумарство и ловство по извршената контрола на ознаката од ставот (4) на овој член, во рок од три дена издава одобрение за сеча на субјектот што стопанисува со шуми.“

Член 6

Низ целиот текст на Законот зборовите „Република Македонија се заменуваат со зборовите „Република Северна Македонија“, а зборовите „„Македонски шуми““ со зборовите „„Национални шуми““.

Член 7

Започнатите постапки за добивање согласност за трајна пренамена на шумско земјиште за изградба на објекти од јавен интерес како линиски инфраструктурни градби, јавен пат, железничка инфраструктура, далновод, нафтовод, гасовод и други објекти кои можат да бидат надземни и подземни, до денот на влегувањето во сила на овој закон, ќе завршат согласно одредбите од овој закон.

Член 8

Овој закон влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

# ОБРАЗЛОЖЕНИЕ НА ПРЕДЛОГОТ НА ЗАКОН

## I.ОБЈАСНУВАЊЕ НА СОДРЖИНАТА НА ОДРЕДБИТЕ ОД ПРЕДЛОГОТ НА ЗАКОН

Во досегашниот период направени се поголем број на изменувања и дополнувања на овој закон кои се објавени во „Службен весник на Република Македонија“ бр.24/11, 53/11, 25/13, 79/13, 147/13, 43/14, 160/14, 33/15, 44/15, 147/15, 7/16 и 39/16 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.274/22).

Со предложените измени на Законот за изменување и дополнување на Законот за шумите во членот 14-а, по ставот (2) се додава нов став (3), а по ставот (3) кој станува став (4) се додаваат четири нови става (5), (6), (7) и (8), а по членот 15 се додава нов член 15-а и се врши измена во членовите 62, 63 и 64.

Во членот 14-а, по ставот (2) се додава нов став (3), а по ставот (3) кој станува став (4) се додаваат четири нови става (5), (6), (7) и (8) со кои уредува постапката за трајна пренамена на линиските инфраструктурни градби, сечата, дотурот и превозот на дрвната маса од земјиштето предмет на трајна пренамена за изградба на објектите, а со член 15-а се дефинираат надоместок за трајна пренамена за линиски инфраструктурни градби кој треба да го плати инвеститорот.

Во членовите 62, 63 и 64 се прави измена за да се опфати земјодеслкото земјиште градежното земјиште и пасиштата кои веќе се обраснати со вискока вегетација, а истите не се пренаменети во шумско земјиште за изградба на овој вид на објекти да се исчистат во заедничка постапка со земјиштето под шума. Овде се уредуват обврските на Државниот инспекторат за шумарство и ловство и се допрецизират постаките за ознака кои ги врши ЈП „Национални шуми“.
Се дефинират со преодни завршни одредби начинот на завршување на отпочнатите постапки како и со посебен член влегува во сила на измените и дополнувањата на законот со денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

## II. МЕЃУСЕБНА ПОВРЗАНОСТ НА РЕШЕНИЈАТА СОДРЖАНИ ВО ПРЕДЛОЖЕНИТЕ ОДРЕДБИ

Со донесувањето на Предлогот на закон за изменување и дополнување на Законот за шумите се овозможува регулирање после отстранувањето на целокупната вегетација на површината за градба на објектот од јавен интерес како и се прецизират извршителите на фазите сеча, дотур и превоз на дрвните сортименти од страна на една иституција.

## III.ПОСЛЕДИЦИ ШТО ЌЕ ПРОИЗЛЕЗАТ ОД ПРЕДЛОЖЕНИТЕ РЕШЕНИЈА

Со предложените изменувања и дополнувања во законот ќе се овозможи да се создадат законски поставки за спроведување на Законот за шумите, да се подобри ефикасноста на постапката за трајна пренамена и располагање со дрвната маса која е предмет на сеча, дотур и превоз без разлика од класификацијата на земјиштето на кое е лоцирана.

## ТЕКСТ НА ОДРЕДБИ ОД ЗАКОНОТ ЗА ШУМИТЕ ШТО СЕ МЕНУВААТ ИЛИ ДОПОЛНУВААТ

### Постапка за трајна пренамена

### Член 14-а

(1) За изградба на објекти од јавен интерес утврден со закон и за вршење на работи од јавен интерес утврден со закон, инвеститорот е должен да поднесе барање за добивање на согласност за трајна пренамена од органот на државната управа надлежен за работите од обласста на шумарството.

(2) Кон барањето за добивање на согласност за трајна пренамена од ставот (1) на овој член, инвеститорот поднесува:
- техничка документација за градбата (комплетен основен проект, посебен елаборат и фази на проектот),
- документ за регистрација за вршење на дејност од јавен интерес и
- опис на бараната локација со нумерички податоци и површина.

(3) Органот на државната управа надлежен за работите од обласста на шумарството одлучува по барањето за согласноста од ставот (1) на овој член во рок од 30 дена од денот на поднесувањето на барањето.

### Ознака за сеча и евиденција

### Член 62

(1) Сеча во шума се врши само по претходно извршена ознака за сеча со втиснување на јасно видлив шумски жиг - означувач (во натамошниот текст: шумски жиг).
(2) Под ознака за сеча во смисла на ставот (1) на овој член се подразбира:
1) одбирање и означување на стебла за сеча и евидентирање на дрвната маса при стеблимична и групимично пребирна сеча и
2) обележување на површината и евидентирање на дрвната маса при површинска - чиста сеча.
(3) Стеблимична сеча е сеча на одбрани поединечни стебла.
(4) Групимично пребирна сеча е сеча на одбрани групи стебла.
(5) Површинска - чиста сеча е сеча на сите стебла на површината од одделот/пододделот, односно катастарската парцела.
(6) Ознаката за сеча се врши согласно со предвидената сеча утврдена во посебните планови и програми.
(7) Ознаката за сеча во шуми за кои нема изработено посебен план или програма за стопанисување со шумите се врши според критериумите од членот 29 став (9) од овој закон.
(8) Ознака при стеблимична и групимично пребирна сеча се врши до 30 септември во тековната за наредната година и тоа во обем од најмногу 80% од предвидената дрвна маса за сеча. Остатокот од дрвната маса дополнително се означува по извршената сеча

според претходната ознака. При дополнителната ознака се означуваат и се евидентираат првично сите неозначени стебла кои се оштетени при сечата.
(9) Извршената ознака за сеча и направената шумска штета се евидентираат во книги, и тоа: Книга за евиденција на извршена ознака за сеча во шума во државна сопственост, Книга за евиденција на извршена ознака за сеча во шума во приватна сопственост и Книга за евиденција на направена шумска штета во шума во државна сопственост.
(10) Видот на ознаката за сеча, видот на шумскиот жиг за ознака за сеча, начинот на вршење на ознаката за сеча, формата и содржината на Книгата за евиденција на извршена ознака за сеча во шума во државна сопственост, Книгата за евиденција на извршена ознака за сеча во шума во приватна сопственост и Книгата за евиденција на направена шумска штета во шума во државна сопственост ги пропишува министерот кој раководи со органот на државната управа надлежен за работите од областа на шумарството.

Вршење на ознака за сеча

Член 63

(1) Ознака за сеча (стеблимична и групимично пребирна) во државна шума ја извршува стручно лице, со високо образование дипломиран шумарски инженер - насока шумарство, вработени во Јавното претпријатие за стопанисување со државните шуми "Македонски шуми" и другите субјекти задолжени да управуваат со заштитените подрачја, кое има работно искуство од најмалку две години од областа на стопанисување со шумите.
(2) Ознака за површинска - чиста сеча и ознака на ретки видови на дрвја и на поединечни или група на шумски дрвја на површини надвор од шума во државна сопственост извршува стручно лице со високо образование дипломиран шумарски инженер - насока шумарство, со или без работно искуство во областа на стопанисување со шумите, или стручно лице со средна стручна подготовка шумарски техничар - насока шумарство, со најмалку една година работно искуство од областа на стопанисување со шумите, вработени во јавното претпријатие за стопанисување со државните шуми "Македонски шуми" и другите субјекти задолжени да управуваат со заштитените подрачја.
(3) Ознака за сеча (стеблимична, групимично пребирна и површинска-чиста сеча), како и ознака на ретки видови на дрвја, на поединечни или група на шумски дрвја на површини надвор од шума во приватна сопственост, вршат Јавното претпријатие за стопанисување со државните шуми "Македонски шуми" и другите субјекти задолжени да управуваат со заштитените подрачја.
(4) Јавното претпријатие за стопанисување со државните шуми "Македонски шуми" за шумите со стопанска намена и приватните шуми, другите субјекти задолжени да управуваат со заштитените подрачја за шумите во заштитените подрачја и приватните шуми и наставно-научните установи од шумарска струка изработуваат шумски жиг за ознака за сеча и шумски жиг за жигосување на дрво и дрвни сортименти, како и правните лица кои вршат увоз и продажба на дрво и дрвни сортименти изработуваат шумски жиг за жигосување на увезеното дрво и истите ги доставуваат на увид и заверка во органот на државната управа надлежен за работите од областа на шумарството. Јавното претпријатие за стопанисување со државните шуми "Македонски шуми" за шумите со стопанска намена и другите субјекти задолжени да управуваат со заштитените подрачја за шумите во заштитените подрачја за обележување на дрвната маса од настаната шумска штета изработуваат шумски жиг и истото го доставуваат на увид и заверка во органот на државната управа надлежен за работите од областа на шумарството.

(5) За вршење на ознака за сеча согласно со ставовите (1) и (2) на овој член средства обезбедува корисникот на шумата, а за вршење на ознака за сеча согласно со ставот (3) на овој член средства обезбедува сопственикот на шумата.
(6) За заверените шумски жигови за ознака за сеча, шумски жигови за жигосување на дрво и дрвни сортименти и шумски жигови за жигосување на увезено дрво од ставот (4) на овој член, органот на државната управа надлежен за работите од областа на шумарството води евиденција во Регистар на заверени шумски жигови за ознака за сеча и шумски жигови за жигосување на дрво и дрвни сортименти.
(7) Формата и содржината на регистарот на заверени шумски жигови за ознака за сеча, шумски жигови за жигосување на дрво и дрвни сортименти, шумски жигови за жигосување на увезено дрво и шумски жигови за обележување на дрвна маса од настаната шумска штета како и начинот на неговото водење го пропишува министерот кој раководи со органот на државната управа надлежен за работите од областа на шумарството.

Известување за извршената ознака за сеча

Член 64

(1) Субјектите кои стопанисуваат со шумите без оглед на сопственоста и намената и сопствениците на приватни шуми кои имаат донесено посебни планови или програми, односно поседуваат шума над 30 ха, за извршената ознака за сеча од членот 62 од овој закон се должни да го известат шумарскиот инспектор во рок од 15 дена од денот на завршувањето на извршената ознака за сеча.
(2) По исклучок од ставот (1) на овој член за извршената ознака за сеча согласно со членот 62 став (7) од овој закон, не се известува шумарскиот инспектор.
(3) Не може да се врши сечата од ставот (1) на овој член, ако ознаката за сеча не е извршена на целата површина од одделот/пододделот и ако не е извршен преглед на ознаката за сеча од овластен шумарски инспектор.